ОПШТИНА БИТОЛА

# П Р А В И Л Н И К ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА БИТОЛА ВО ДЕЛОТ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ДОМОТ НА ЛИЦАТА

**Јануари, 2022**

## ПРАВИЛНИК ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА БИТОЛА ВО ДЕЛОТ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ДОМОТ НА ЛИЦАТА

Со овој Правилник се дефинираат и одредуваат начините и условите за искористување на средствата од Програмата за социјална заштита за 2022 година на Општина Битола за адаптација, изградба или поставување на инфраструктура и опрема за физичка пристапност во домот на лица со попреченост, преку субвенционирање на трошоците, во целост или делумно, за овозможување непречено движење и функционирање на индивидуата во својот дом.

Правилникот е заснован на принципот на правичност и транспарентност и има за цел да обезбеди почитување на соодветните услови, правила, законски нормативи и стандарди низ целиот процес и постапка за субвенција на средства за адаптација или изградба и поставување на инфраструктура и опрема за физичка пристапност до/ во домот на лицата со попреченост, започнувајќи од поднесување на барања, нивно разгледување, одобрување, па сè до изведба на самата инфраструктурата и опрема.

Правилникот го дефинира принципот на доделување како и висината на одобрените средства на субвенција согласно буџетот предвиден за оваа активност од Програмата за социјална заштита на Општина Битола за 2022 година.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ПРИ АДАПТАЦИЈА НА ФИЗИЧКА ПРИСТАПНОСТ ВО ДОМОВИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ

Адаптација, изградба или поставување на инфраструктура и опрема за физичка пристапност, во понатамошниот текст инфраструктура и опрема за физичка пристапност, опфаќа адаптација на веќе постоечки или изградба на нови пристапни рампи, или набавка и монтажа на фиксни или преносни пристапни рампи (опрема), платформи и лифтови, направи за искачување на скали со инвалидски колички, во домот на лицата со

попреченост, со цел надминување на висински растојанија или други физички препреки или бариери до и во домот, адаптација на делови од домот преку набавка на опрема која е прилагодена за користење од страна на лица со попреченост или адаптација во физичкиот простор (прилагодување на тоалет, промена на врати со соодветна ширина за инвалидска количка, правење на пристапни патеки и тн.), како и набавка на опрема која е прилагодена за користење од страна на лица со попреченост која ќе ја олесни мобилноста и функционалноста на лицата со попреченост во нивниот дом.

Искористувањето на средствата на инфраструктура за физичка пристапност во домот може да биде во максимален нето износ од 61.500,00 денари, односно до целосно покривање на износ до оваа сума[1]. Сумите кои што се над овој износ се на товар на барателот/ корисникот на адаптацијата.

Повикот за искористување на средства за инфраструктура за физичка пристапност во домот ќе трае до целосно искористување на средствата од буџетот предвидени за оваа активност согласно Програмата за социјална заштита на Општина Битола за 2022 година.

Искористување на средства за инфраструктура за физичка пристапност во домот може да побара:

- Лице со попреченост и кое заради природата на состојбата во која се наоѓа има оневозможеност самостојно да искачува скали, совладува висински растојанија, или други физички препреки и бариери до и во домот, државјанин на Република Северна Македонија, кое поседува важечка лична карта со адреса на живеење во Општина Битола. За малолетни лица или лице на кое му е доделен старател, барањето го поднесува еден од родителите или старателот[2].

Барање за финансиска поддршка за инфраструктура за физичка пристапност до/ во домот може да се поднесе за:

[1] Препорачано е лицето барател да направи истражување за износот на адаптацијата во неговиот дом пред доставување на барање

[2] Лицата со адреса на живеење надвор од Општина Битола приложуваат Изјава заверена на нотар за започната постапка за промена на адресата на живеење во Општина Битола која ќе се случи не подоцна од шест месеци од денот на ставање во функција на пристапниот инфраструктурен објект.

- Живеалиште во/ до кое воопшто нема (не постои) функционална пристапнст.
- За живеалиште за кое е обезбедена пристапност во еден дел од него, но за друг дел од живеалиштето таква пристапност не постои (пр. пристапност за првиот кат веќе постои, но пристапност за втор кат, или до помошни простории, и сл. - не постои),
- Живеалиште во/ до кое инфраструктура за физичка пристапност постои но истата е потребно да се прилагоди (адаптира)[3].

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И СТАНДАРДИ ЗА АДАПТАЦИЈАТА ПРЕДМЕТ НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ПРИ АДАПТАЦИЈА НА ФИЗИЧКА ПРИСТАПНОСТ ВО ДОМОВИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ

1. Инфраструктурата за физичка пристапност до/ во домот која треба да се адаптира или изгради од цврста градба, потребно е да исполнува одредени услови во поглед на техничките карактеристики согласно Закон за градење со цел запазување на градежни стандарди и осигурување на функционалност и безбедност за корисниците.

2. Инфраструктурата за физичка пристапност до/ во домот која како опрема треба да се набави, постави или монтира (пристапна рампа од метал, железо, бродски лим, алуминиум отпорен на корозија, опрема, платформа и слично) мора да биде согласно постоечките норми како и барања за неа.[4]

## ПОСТАПКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ФИЗИЧКА ПРИСТАПНОСТ ВО ДОМОТ

[3] Се доставува доказ за нефункционалност (фотографии, изјава за нефункционалност, голем наклон, дотрајаност...)

[4] На пример доколку станува збор за адаптација на тоалет набавената опрема да биде согласно потребите на корисникот (висина на вц шолја, висина на умивалник, димензии на тоалет...)

За спроведување на постапката Градоначалникот на Општина Битола формира комисија.

Комисијата е составена од 5 члена, секој со свој заменик, вработени во општинската администрација. При разгледување на барањата се одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови.

Комисијата се состанува по потреба, согласно пристигнатите барања.

По разгледувањето на барањето Комисијата е задолжена да го извести барателот за исходот по поднесеното на што тој е должен во рок од осум дена да ја извести Комисијата за негова согласност за продолжување на постапката за адаптација на физичка пристапност.

Доколку има потреба Комисијата го задржува правото да направи увид на самото место или повторно да ја разгледа документацијата доставена во било која фаза од постапката во период до една година по завршувањето на постапката. Исто така го задржува правото да одбие одредено барање поради проценка за нефункционалност, опасност или ризик по животот и здравјето на лицата корисници и останатите кои што се во непосреден контакт со изведената адаптација.

Доколку при спроведувањето на постапката се утврди дека некој барател е вклучен во корупциски или измамнички практики при аплицирањето, неговото барање ќе биде офрлено, а доколку тоа се утври по завршувањето на јавниот повик и по исплатата на средствата, ќе бидат поднесени соодветни пријави до надлежните органи и институции.

**Постапката за субвенционирање на инфраструктура за физичка пристапност во домот на лица со попреченост се одвива во 2 фази.**

**I. Поднесување на Барање со потребна документација и одобрување на финансиска поддршка за адаптација на физичка пристапност**

**II. Реализација на инфраструктура за физичка пристапност и доставување на доказ за реализација до комисија**

## ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ СО ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И И СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ

Барањето се доставува лично или преку застапник во печатена форма во Општина Битола, адреса Булевар „1-ви Мај“ бр.61, 7000 Битола, со назнака:

„До комисија за одлука за искористување на финансиска помош при адаптација на физичка пристапност во домовите на корисниците“

Во зависност од бараната адаптација се доставуваат одредени документи, не сите наведени се задолжителни за секоја адаптација

При доставување на барањето се доставува:

- Своерачно потпишано Барање (во прилог на овој правилник, поставено на веб страна на Општина Битола https://www.bitola.gov.mk/ или се подигнува од шалтер во Општина Битола),
- Изјава заверена на нотар за согласност за користење на лични податоци поврзани со овој повик, знаење на законските прописи поврзани со одредена адаптација и согласност за нивно почитување и користење на прилагодената инфраструктура за физичка пристапност на своја сопствена одговорност (во прилог на овој правилник, поставено на веб страна на Општина Битола https://www.bitola.gov.mk/ или се подигнува од шалтер во Општина Битола),
- Наод и мислење односно соодветна медицинска документација со која се потврдува степенот на попреченост,
- Копија од лична карта,
- Копија од трансакциска сметка,
- Профактура/и за набавка, монтажа, изведба или подготовка на проектна документација (во зависност од тоа што се аплицира),
- Имотен лист не постар од шест месеци и изјава за согласност за адаптација од надлежен субјект доколку адаптацијата се однесува за објект кој не е во сопственост на барателот (доколку се однесува за зграда согласност од најмалку 51% од станарите кои се сопственици на стан на предметната страна на изведбата),

- Фотографии од местото на изведба.

Доколку лицето достави нецелосно и некомплетно барање комисијата може да го контактира барателот, доколку има оставено соодветни контакт информации, за дополнување на барањето во разумен рок.

По оценување позитивно по однос на одредено барање Општина Битола пристапува кон финансирање на направените трошоци, во целост или делумно, согласно овој Правилник со тоа што Општина Битола средставата ги уплаќа на трансакционата сметка на физичкото лице - барател.

## I. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ФИЗИЧКА ПРИСТАПНОСТ И СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ

Откако барателот ќе ја достави потребната документација и истата ќе биде проверена од страна на надлежната Комисија подносителот на документација ќе биде известен за исходот од барањето односно дали новното барање е прифатено и во кој износ или е одбиено со наведени причини за одбивање.

Доколку барањето е позитивно оценето и се одобрени финансиски средства за адаптација на физичка пристапност до/ во домот таа може да започне, а по нејзино завршување барателот до Општина Битола, не подоцна од три месеци, доставува:

- Фактури за изработка на проектна документација, изведба или набавка
- Фотографии од адаптцијата

Доколку не се испочитувани сите законски мерки за одредена изведба или адаптација, барателот е должен да изврши поврат на доделените финансиски средства на Општина Битола како и да сноси соодветни законски мерки (последици) превземени врз него во зависност од дадената ситуација (пр. доколку се изгради бетонска цврста рампа без преходно реение за градба следува нејзино уривање и слично).

Комисијата е задолжена за подготовка на завршен извештај за целиот тек на постапката кој што останува во Општина Битола заверен и архивиран заедно со целокупната документација за одредениот предмет за секое одобрено, во кој објект и со кои финансии е изработено, поткрепено со соодветни докази (фотографии пред и потоа) како и фактури и сметки.

**ПРИЛОГ 1**

# БАРАЊЕ

## за искористување на финансиска помош при адаптација на физичка пристапност во домовите на корисниците

| 1. Податоци за лицето со попреченост – барател | |
|---|---|
| **Име** | |
| **Презиме** | |
| **Пол** | |
| **Адреса на живеење** | |
| **Адреса на адаптација доколку се разликува со адресата на живеење** | |
| **Дата на раѓање** | |
| **Вработен, невработен, студент, пензионер ...** | |
| **Телефонски број** | |
| **Е-маил адреса** | |

| 2. Податоци за родител/старател на лице со попреченост – барател (се пополнува во случај кога лицето е малолетно или полнолетно но има старател кој аплицира во негово име) | |
|---|---|
| **Име** | |
| **Презиме** | |
| **Пол** | |
| **Адреса на живеење** | |
| **Адреса на адаптација доколку се разликува со адресата на живеење** | |
| **Дата на раѓање** | |
| **Вработен, невработен, студент, пензионер ...** | |
| **Телефонски број** | |
| **Е-маил адреса** | |

| **3. Податоци за домот во кој што ќе биде изведена адаптацијата** | |
|---|---|
| **Вид на сопственост:** | |
| **Податоци за сопственик и негова поврзаност со барателот** | |
| **Вид на станбена единица (стан/ куќа)** | |
| **Број на спратови:** | |
| **Пристапност на влез:** | |
| **Кат на дом:** | |
| **Потребна адаптација:** | |
| **Предвидена сума на адаптација (сопствена проценка):** | |
| **Образложение:** | |

Име и презиме на барател ____________________

Потпис ____________________

Датум и место _____________________

**ПРИЛОГ 2**

## ИЗЈАВА

(заверена на нотар)

Јас, ___________________________ со ЕМБГ- ___________________ со оваа изјава:

- Давам согласност на Општина Битола да ги користи и да врши обработка на моите лични податоци, како и да ги чува во збирката на лични податоци за потребите на процесот за спроведување на постпката за искористување на средства од програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата, се додека има потреба од нив, но не подолго од периодот кога ќе поднесам барање за бришење од Општина Битола или од завршување на периодот по кој ќе избришани/уништени во согласност со Законот за заштита на личните податоци,

- Запознаен/а сум со законските прописи поврзани со адаптацијата на физичка пристапност за која поднесувам барање и се согласувам и обврзувам за нивно почитување,

- Ќе ја користам прилагодената инфраструктура за физичка пристапност на своја сопствена одговорност.

Оваа изјава ја давам доброволно

Име и презиме на лице кое дава изјава _________________________

Потпис ___________________

Датум и место ____________________